Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" 24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр.58/2000, 44/2012, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на Министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За избор на најповолен понудувач

По спроведената постапка за Набавка на гориво за службени возила на Министерство за правда на бензински станици со безготовинско плаќање за период од 1 (една) година објавен по број 03348/2019, по предлог на Комисијата за јавни набавки за најповолна е избрана понудата на понудувачот

**"МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје"**

2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Мнистерството за правдда врз основа на спроведената поедноставена отворена постапка за набавка на стоки - Набавка на гориво за службени возила на Министерство за правда на бензински станици со безготовинско плаќање за период од 1 (една) година. Согласно член 112 став 1 од Законот за јавни набавки, по разгледувањето на доставени две понуди од страна на економските оператори и спроведената постапка одлучи за најповолна понуда согласно предлогот на Комисијата од извештајот за спроведена постапка да биде избрана понудата како во диспозитивот на Одлуката.

*Одлучено во Министерство за правда по оглас број 03348/2019година на 23.07.2019 2019 година.*

**Правна поука:** *Против Одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија.*

*Доставено до:*

- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*

**По овластување на Министер за правда**

**Заменик Министер**

**Оливер Ристовски**

*Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки бр. 03348/2019*
*Подготвил: Марина Миновска, советник*